ИСОС
ИНСТИТУТ НА
СМЕТКОВОДИТЕЛИ И
ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

0302/543
25.12.23

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP

Примено: / Pranuar: 25-12-2023

| Орг. един: Nj. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
|---|---|---|---|
| | | | |

**До**

**Централен регистар на Република Северна Македонија**

- Марија Бошковска Јанковски, директор

**ПРЕДМЕТ:** Информација за доставување податоци од регистри што ги води ИСОС

Почитувани,

Со овој допис би сакале да ве информираме дека, постапувајќи согласно Законот за вршење на сметководствени работи, Договорот за користење на податоци во електронска и хартиена форма (ваш бр. 03-1449/1 од 20.12.2022) и состанокот одржан на 12 декември 2023 година, Институтот на сметководители и овластени сметководители на РСМ (ИСОС), во законски предвидениот рок ви ги доставува податоците (во електронска и печатена форма) од регистрите на сметководители и овластени сметководители, како и од регистарот на друштвата за вршење на сметководствени работи.

Инаку, во изминатиот временски период Институтот активно работеше на тоа сите физички и правни лица кои вршат сметководствени работи да го довршат процесот на усогласување на своето работење според одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи и да ги пријават сите евентуални промени на своите податоци во соодветните регистри што ги води ИСОС. Целокупниот овој процес на ажурирање на податоците во регистрите треба да заврши заклучно со 15 јануари 2024 година.

Сметаме дека ваквиот процес на ажурирање на податоците од регистрите што ги води ИСОС, вклучително и нивната размена со Централниот регистар на РСМ, како и нивно јавно објавување, е исклучително важен, затоа што со него заинтересираните субјекти и јавноста добиваат пристап до точни информации за професионалните сметководители и друштва за сметководствени работи кои ги исполнуваат законските услови и согласно на тоа можат да вршат сметководствени работи, вклучувајќи ги и тие што имаат право да ги потпишуваат годишните сметки.

Со оглед на големата важност на целиот овој процес во кој е вклучена и вашата институција - Централен регистер на РСМ, сакам да искажам голема благодарност за вашиот досегашен ангажман и соработка со ИСОС и да ве уверам дека ние остануваме посветени на градењето одржливо партнерство меѓу нашите две институции.

Со почит,

Весна Прентоска,
Претседател
**Институт на сметководители и**
**овластени сметководители на РСМ**